КАРПИНО

ЛУЛКА НА ЕНЕРГИЈАТА

# ФИЗИОТЕРАПЕВТКА / МАСЕРКА / КОЗМЕТИЧАРКА

КАРПИНО ДООЕЛ

Скопје, Македонија

**ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ ЗА ПРЕДИЗВИКОТ?**

Во Карпино вие ќе ја продолжите вашата кариера на физиотерапевтка, масерка, козметичарка и ќе станете дел од тим и компанија која ќе постави нови стандарди во областа на услугите за нега, релаксација, здравје и убавина во Македонија и пошироко.

Вие ќе бидете одговорни за контакт со клиенти и вршење на услуги на релаксација, масажа, физиотерапија и козметика какви досега не се видени на македонскиот пазар. Како дел од вашата успешна кариера, вие исто така ќе придонесете во иновации и развојот на компанијата преку дизајн и имплементација на нови услуги по најновите светски трендови. За оние со поголеми аспирации и искуство нудиме можности за менаџерска позиција или развој во истата преку кариерен развој.

**ШТО БАРАМЕ ВО НАШИТЕ ИДНИ КОЛЕГИ?**

- Ентузијазам да се стане дел од млад, посветен и високо ефективен тим на физиотерапевти / масери / козметичари
- Повеќегодишно искуство во областа на услугите на масажа, физиотерапија и/или козметика
- Високо образование во областа на физиотерапија
- Одлично познавање на англискиот јазик
- Основно познавање на работа со компјутери (емаил, офис)
- Одлични комуникативни способности, смиреност и беспрекорност во работата со клиенти
- Позитивен дух, посветеност на работата и способност за работа во тим

**ШТО ВИ НУДИМЕ?**

Денес имате уникатна можност да станете дел од идното македонско водечко студио за масажа, физиотерапевтски како и козметички услуги и да напредувате во вашата кариера. Нашиот тим е пријателски и посветен на професионалноста на работата каде особено внимание се придава на иновативноста во услугите. Тоа е средина каде работата на секој вработен високо се вреднува и каде вашето мислење секогаш ќе биде земено во предвид. Нашето студио е лоцирано во срцето на Скопје, дизајнирано од врвни македонски архитекти и дизајнери и се подготвува за старт веднаш со посветени професионалци како вас. Станете дел од новата успешна приказна на Карпино. Заинтересирани?

**ДА СТАПИМЕ ВО КОНТАКТ!**

Доколку оваа позиција ви звучи интересно и ги поседувате неопходните квалификации, би ни било драго да стапиме во контакт и да ви ја презентираме оваа единствена можност за кариерен напредок. Ве молиме пратете го вашето резиме, заедно со опис на вашата заинтересираност за позицијата на нашата емаил адреса: admin@karpino.mk.